Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 221//0306
09.04 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.03.2025 година, врз основа на примена жалба од **Бранко Героски,** ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Видео емисијата на ИРЛ.мк (IRL.mk) под наслов **„Поткаст #26 Како корупцијата убива“ емитувана на 05.02.2025** г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Бранко Героски во својство на уредник на онлајн медиумот Плус Инфо, на 03.03.2025 г. до СЕММ упати жалба за видео емисијата на ИРЛ.мк (IRL.mk) под наслов „Потткст #26 Како корупцијата убива“, емитувана на 05.02.2025 г., при што наведува дека се прекршени принципите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и два члена од Кодексот.

Героски се жали дека во еден дел од видеото, новинарката Сашка Цветковска која учествува во разговорот во редакцијата на ИРЛ искажува невистини и навреди за него лично и го посочува цитатот:

„Па не можеме да ги наречеме колеги, Драган Павловиќ Латас, Ивона Талевска, Бранко Героски, јас тие луѓе едноставно не можам да ги препознаам како колеги, работат повеќе од три децении во ова општество, три децении ги следат контроверзи, три децении пропуштиле да им кажат на граѓаните што се случува, пропуштиле а биле на одговорни позиции да креираат, информираат електорат, и едноставно, Боки, за мене навредливо е да ги нарекувате колеги“.

Героски наведува и дека новинарката на тој начин ја дезинформирала јавноста во врска со известувањето на Плус Инфо за судскиот случај против Жан Митрев, сугерирајќи и на јавноста дека медиумот бил корумпиран, по што наведува дека никогаш немал ниту еден договор за рекламирање со клиниката „Жан Митрев“, ниту некогаш ги користел услугите на таа медицинска установа. Потоа наведува дека Цветковска изнесува мислење кој е новинар, а кој не и на крај го означува како контроверзен, со што го наклеветила и навредила.

„Да заклучам. Темелејќи го својот исказ за мене на неточни, а лесно проверливи информации, со очигледна намера да го омаловажи мојот професионален углед и општествен статус, Сашка Цветковска пласира ноторни лаги, како дел од нејзината подолготрајна пресметка со Плусинфо како медиум.

Во жалбата е доставена документација, како што е линкот од видео емисијата и подолго образложение на жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите во жалбата и во кој, меѓу другото, се наведува:

„Во најмала рака контроверзно е далеку повозрасниот „колега“ Бранко Героски, добитници на меѓународни, регионални и домашни награди за истражувачко новинарство во колумни да ги нарекува „истражувачки новинари“ (во наводници) - тимот колеги со дел од кои некогаш

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

работел, им бил ментор и ги подучувал. Посочената изјава на „колегата“ Героски од колешката Сашка Цветковска која постојано во јавни настапи ја ословува како Сашка Петковска е нејзино мислење дека станува збор за луѓе кои ги следат контроверзии… Никој не може да одговора за мислење, ниту пак може да биде етички осуден дека некого навредил, омаловажил или наклеветил зашто мислел оти некој не заслужува да го нарече колега“.

Во одговорот потпишан од Сашка Цветковска, одговорно лице во редакцијата на ИРЛ, се наведени линкови и принтскрин исечоци од неколку колумни на Героски посочени како „контроверзни“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека видео емисијата на ИРЛ.мк (IRL.mk) под наслов „Потакст #26 Како корупцијата убива“ емитувана на 05.02.2025 г. и поставена на Јутјуб каналот на ИРЛ.мк, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен членот 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за дебатна емисија (емитувана прво на МТВ, а потоа закачена на Јутјуб каналот на ИРЛ.мк и на други платформи), реализирана како разговор на самите новинари на ИРЛ, како еден вид ретроспектива на нивната истражувачка работа во разоткривањето на корупцијата. Темата на разговорот е од висок јавен интерес, а во еден момент се фокусира на случајот со Клиниката „Жан Митрев“, што беше предмет на истражување на ИРЛ и на тоа дека во мрежата од актери ангажирани во одбрана на Митрев, се вклучени и новинари.

Комисијата расправаше за тоа дека ако се гледа контекстот на разговорот, индиректно може да се разбере дека и посочените новинари, меѓу кои и Героски, се вмешани во генералниот синџир на корупција, но сепак се фокусираше на исказот на новинарката Цветковска која во суштина не ги обвинува експлицитно за тоа, туку се фокусира на одговор на прашањето „дали некои колеги можеме да ги сметаме за новинари“.

Притоа, Комисијата нагласи дека и новинарите, како и политичарите подлежат на легитимна критика, особено доколку не ги почитуваат етичките и професионални стандарди на новинарството и, оттаму, исказот на Цветковска дека посочените, меѓу кои и жалителот не може да ги смета за новинари, е јавно искажано лично мислење или вредносен суд од страна на новинарката. Во таа смисла, Комисијата нагласи дека не може и нема задача да ги испитува фактите надвор од контекстот на новинарскиот производ, односно не може да ја оценува вистинитоста на изнесениот вредносен суд, кој според жалителот има тежина на клевета. Од тие причини мнозинството членови на Комисијата оценија дека во тој дел нема прекршување на етичките стандарди во членот 1 од Кодексот.

Сепак, бидејќи медиумот ИРЛ и неговиот медиумски производ, споменатиот поткаст, е платформата од која преку изнесени лични мислења непоткрепени во самиот поткаст со факти и докази се напаѓаат и дисквалификуваат новинари, а на што посочува жалителот преку својот пример, при што во жалбата ја изложи и целата своја работна биографија, Комисијата, исто така со мнозинство гласови, сметаше дека е направено прекршување на Кодексот во членот 16, кој ја регулира од етички аспект оваа материја.

Од тие причини Комисијата на крајот заклучи дека е прекршен член 16 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 16**

*Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.*

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595